## Како изгледа Evalyn®Brush?

Evalyn®Brush е четка за самостојно земање примерок, долга околу 18 cm и се состои од просирен цилиндар со крилца и капаче. Во внатрешноста на просирниот цилиндар има розов клип што завршува со бела четка за земање примерок. Крајот на кој се наоѓа четката може да се отвори и да се затвори со розово капаче.




**ПРИМЕРОКОТ ДОНЕСЕТЕ ГО НА НЕКОЈА ОД СЛЕДНИТЕ ЛОКАЦИИ:**

**ЛОКАЦИЈА 1**

**НАСЕЛБА ТАФТАЛИЏЕ**
Бул. „8-ми Септември“ бр. 2, лок. 1, 1000 Скопје
email: lab@avicenalab.com.mk

**ЛОКАЦИЈА 2**

**НАСЕЛБА АЕРОДРОМ**
Бул. „Јане Сандански“ бр. 13-1/А 1000 Скопје
email: lab2@avicenalab.com.mk

**ЛОКАЦИЈА 3**

**НАСЕЛБА КИСЕЛА ВОДА**
Ул. „Мариовска“ бр.2-А, 1000 Скопје
email: lab4@avicenalab.com.mk

**ЛОКАЦИЈА 4**

**ТЕТОВО**
Ул. „Благоја Тоска“ бр. 222, 1200 Тетово
email: labtetovo@avicenalab.com.mk

**Контакт Центар: 02 3179 001**

лабораторија avicena

www.avicenalab.com.mk

Rovers®


**Производител:**
**Rovers Medical Devices B.V.**
Lekstraat 10, 5347 KV Oss
The Netherlands
T +31 (0)412 648 870
info@roversmedicaldevices.com
www.roversmedicaldevices.com



Rovers® и Evalyn®Brush се регистрирани заштитни знаци на Rovers Medical Devices B.V. со седиште во Ос, Холандија.



CE 0044
REF 380500131
Version EC-2021-03-EN
MD LATEX STERILE EO


лабораторија avicena

# Упатство за употреба

## Четка за самостојно земање примерок за HPV тест



evalyn® brush

evalyn® brush

## Инструкции за самостојно земање примерок

Evalyn®Brush е стерилно медицинско средство што ви овозможува да земете примерок во домашни услови. Користејќи ја Evalyn®Brush, може едноставно и безболно да земете вагинален клеточен материјал што понатаму се анализира во дијагностичка лабораторија.

### НАПОМЕНА:

- Не користете ја Evalyn®Brush ако пакувањето е оштетено или ако е изминат рокот на употреба.
- Не користете ја Evalyn®Brush за време на менструален циклус.
- Не користете ја Evalyn®Brush за време на бременост или во првите три месеци по завршувањето на бременоста.
- Не користете вагинални производи барем два дена пред употребата на Evalyn®Brush.
- Вагинални контрацепциски средства, кондоми и лубриканти врз база на вода може да се користат вообичаено.
- Evalyn®Brush е само за еднократна употреба.
- Повторната употреба може да резултира со инфекција и/или неправилна дијагноза.

лабораторија avicena



1

Темелно измијте си ги рацете пред употреба.



2

Отстранете ја Evalyn®Brush од пакувањето. Не фрлајте го пакувањето, бидејќи е неопходно за праќање на примерокот во лабораторија.



3

Притиснете ги страните на розовото капаче со палецот и показалецот за да го извадите капачето. Внимавајте да не го допирате со раце горниот бел дел на четкичката (над крилцата)!



4

Заземете удобен став и стоечка позиција слично како при ставање вагинален тампон.



5

Раширете ги срамните усни со едната рака, а со другата вметнете ја четката во вагината сè додека крилцата не ги допрат усните.



6

Со едната рака држете го просирниот цилиндар, а со другата рака турнете го розовиот клип во правец навнатре. Ќе слушнете „клик“ кога четката е во вистинската позиција.




7

Розовиот клип завртете го петпати во иста насока. По секое завртување ќе слушнете „клик“. Ова ќе ви помогне да ги изброите завртувањата. Откако ќе ги направите сите 5 завртувања, внимателно отстранете ја Evalyn®Brush од вагината.



8

Држете го просирниот цилиндар со едната рака, а со другата рака повлечете го розовиот клип сè додека белата четка целосно не навлезе во просирниот цилиндар. Додека го правите ова, не допирајте го врвот на четката над крилцата.



9

Држете го просирниот цилиндар со цел четката да не излезе повторно. Ставете го розовото капаче со палецот и показалецот. Ќе слушнете „клик“ кога капачето е во правилна позиција.



10

Вака затворената Evalyn®Brush вратете ја во пакувањето.



11

Пакувањето заедно со Evalyn®Brush ставете го во ќесето што го добивте во комплетот.

*Чувајте го примерокот на собна температура.



12

Внесете ги вашите лични податоци во изјавата/формуларот и однесете го примерокот во лабораторијата.

*Времето од земање на примерокот до прием во лабораторија да не е подолг од 24 часа.